Осигурително брокерско друштво
СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД
БР. 02-423/1
12.07.2022 год.
Битола

ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР
АД БИТОЛА

Врз основа на членовите 385,387 и 388 од Законот за трговски друштва *(Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018; 120/2018 и 239/2018)*, како и членовите 50 и 52 од Статутот на Друштвото, Одборот на директори на СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола на ден 12.07.2022 година до акционерот Христо Кондовски од Битола, со живеалиште на ул.[redacted] бр.[redacted] во Битола, со ЕМБГ [redacted], упатува

**ПОКАНА**

**за учество на седница на Собрание на акционери**

Седницата на годишно Собрание на акционери на Осигурително брокерско друштво СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола ќе се одржи на ден 12.08.2022 година со почеток во 10:00 часот во деловниот објект на Друштвото на ул. Михаил Апостолски Дончо бр. 7 во Битола.

За работата на седницата на Собранието се предлага следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**Процедурален дел:**

1.Отворање на собранието;

2.Избор на работни тела (Претседавач/Записничар/Заверувачи на записник).

**Работен дел:**

-Разгледување и одлучување за донесување на одлука за усвојување на Годишен извештајза работата на Друштвото за 2021 година;

-Разгледување и одлучување за донесување на одлука за усвојување на Завршна сметка на Друштвото за 2021 година;

-Разгледување и одлучување за донесување на одлука за усвојување на Ревидиран ревизорски извештај на Друштвото за 2021 година;

-Разгледување и одлучување за донесување на одлука за утврдување и распоред на финасиски резултат за 2021 година;

-Разгледување и одлучување за донесување на одлука за одобрување на работата на

органот на управување на Друштвото за 2021 година;

Собранието ќе одлучува само по прашања кои се уредно ставени на дневен ред, во согласност со Статутот на друштвото и со Законот за трговските друштва.

Право на гласање и давање предлози за расправа за одделни прашања имаат само акционерите кои се сопственици на акции со право на глас.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките на дневен ред најдоцна во рок од 8 дена од приемот на покана за одржување на седница на Собранието на акционери.

Секој акционер има право да поставува прашања по точките од дневниот ред со доставување на прашањето во писмена форма во седиштето на друштвото ул. Димитар Илиевски Мурато бр. 5 во Битола најдоцна до 19.07.2022 година во 12:00 часот, со назнака *„За Собранието на акционери"*. Притоа акционерот е должен да се идентификува, и тоа :

1. За акционер-физичко лице:

- наведено целосно име и презиме и своерачен потпис на акционерот;
- копија од документ за идентификација (лична карта / патна исправа)

Прашањето треба да биде поставено на конкретен начин од кој со сигурност ќе може да се утврди на која точка од дневниот ред се однесува. Друштвото може да даде збирен одговор на прашањата со иста содржина. Одговорите на поставените прашања Друштвото може да му ги даде директно на акционерот и да ги објави на својата интернет - страница во форма на прашање и одговор.

**Се повикува акционерот Христо Кондовски од Битола, со живеалиште на ул. [redacted] бр. [redacted] во Битола, со ЕМБГ [redacted] да учествува во работата на Собранието.**

Акционерот Христо Кондовски од Битола, со живеалиште на ул. [redacted] бр. [redacted] во Битола, со ЕМБГ [redacted] со своерачен потпис на оваа покана потврдува дека:

Поканата заедно со материјалите од дневниот ред и сите дополнителни информации согласно Законот за трговските друштва ги прими лично на рака во просториите на Друштвото;

Доколку има намера да учествува на Собранието на Друштвото своето учество на Собранието (пријава за учество на Собранието) ќе го пријави најдоцна пред почетокот на седницата на Собранието до Осигурително брокерско друштво ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола на телефон: 047/553-390 или на електронската адреса: info@snbroker.mk.

Е информиран дека може да овласти свој полномошник на Собранието со потпишување на писмено полномошно. За секое полномошно дадено во писмена форма, потребно е акционерот веднаш писмено да го извести Друштвото, на адреса на седиштето на СН ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД Битола: ул. „Димитар Илиевски Мурато" бр. 5 во Битола или на електронската адреса: info@snbroker.mk, во спротивно ќе се смета дека не го дал полномошното.

*(Се пополнува своерачно со мастило):*

Битола, 12.07.2022

Христо Кондовски ______________________ *(Име и презиме и скратен потпис).*